**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Третото продолжение на Деведесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 јуни 1998 година**

**Скопје, јуни 1998 година**

**III - ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 91-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 3.06.1998 ГОДИНА**

**Дискутанти :**

1. **ВИДИМЧЕ КИРЕ - 1**
2. **ПЕТКОБСКИ ТИТО - 1, 2..**
   **(Води седница)**

**Дневен ред:**

**Точка 10 - стр.2 - Прелл. за донес. на Закон за минерал. сур**

**Точка 11 - стр.3 - Бараае за Авт. толк. на чл. 9 Зак. за трговија.**

**Точка 13 - стр. 4 - Предл. разр. јавен обвинител – Куманово**

**Точка 14 - стр.4 - Предлог одлука- УОЈЗО**

**Точка 15 – стр.5 - Предл. одлука - УОЈЗО**

**Точка 16 – стр.5 - Предл одлука..**

**- КРАЈ НА СЕДНИЦАТА –**

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од третото продолжение на Деведесет и првата седница на**
**Собранието на Република Македонија, одржана на 3 јуни 1998 год.**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-дин Тито Петковски претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по Деведесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Благоја Стефановски, Александар Гештаковски, Туше Гошев, Иван Бојков, Љубомир Чадиковски, Зоре Темелковски, Маријан Начевски, Илинка Митрева, Илија Каров и Саве Наумовски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Деловничка интервенција за г-дин Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Г-дине претседателе, колеги пратеници, би сакал само малку да ве потсетам за мојот предлог што беше даден на претходната седница, а г-динот претседател го прифати, пратеничките прашања точно да се закажат во одреден ден во одреден термин.

Ја имавме таа чест да добиеме покана пратеничките прашања да бидат закажани за бвој ден во 11,00 часот. Но, радоста не истраа за долго. По два дена добивме известување дека во исти ден, во исто време се закажува продолжување на оваа седница. За жал, морам да констатирам дека г-динот претседател иако најде во краток период доблест да закаже таква седница, не издржа на притисоците сепак, па мораше пак пратеничките прашања да добијат ист третман, да се пролонгираат во недоглед.

Затоа би замолил, г-дине претседателе тоа што вие го ветивте од оваа говорница дека ќе закажете точен датум со час и ден кога ќе се поставуваат пратенички прашања, да го спроведете доследно онака како што ветивте. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро. Се разбира, јас предложив, Собранието тоа го прифати, меѓутоа ако не дојдоа двајца пратеници во последен момент ќе ги изневеревме министрите. Не можеме да работиме, немаме кворум.

Се согласив со вашиот предлог, предложив сега, затоа што имаме само три точки од последната седница што не предизвикуваат, ама баш никаква полемика.

Станува збор за еден заклучок, за автентично толкување и три предлози на одлуки на Комисијата за избори и именување.

Мислам дека тоа воопшто не пречи и не отстапува од нашиот договор што го направивме на последната седница.

Одиме натаму. Минуваме на точката 10 - Предлог за донесување на закон за минерални суровини.

Јас го заклучив претресот по Предлогот за донесување на законот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на Закон за минерални суровини.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седниците на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за стопанство.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (67 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точката 11 - Барање за автентично толкување на членот 9 од Законот за трговија, поднесен од приватното трговско претпријатие "Астар-комерц" - Неготино.

Барањето и извештајот на ЗПК ви се доставени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека барањето за автентично толкување на членот 9 од Законот за трговија, "Службен весник на РМ"~ бр.23/95 поднесено приватното трговско претпријатие "Астар-Комерц" - Неготино не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член, од причините содржани во Извештајот на ЗПК на Собранието на РМ.

2. Овој заклучок, заедно со Извештајот на ЗПК на Собранието на РМ да се достави до приватното трговско претпријатие "Астар-Комерц" - Неготино.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (64 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точката 13 - Предлог за разрешување на јавен обвинител на основното јавно обвинителство во Куманово.

Предлогот за разрешување и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за разрешување на јавен обвинител на основното јавно обвинителство во Куманово го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (63 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Радомир Каревски е разрешен од функцијата јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Куманово, поради исполнување услови за старосна пензија.

Минуваме на точката 14 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Вевчани.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој  бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (61пратеник).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација здравствен дом Вевчани.

Минуваме на точката 15 – Предлог - одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Природно лекувалиште  "Бања Бањско" - Струмица.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (67 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Природно лекувалиште  "Бања Бањско" - Струмица.

Минуваме на точката 16 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Пехчево.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (64 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Пехчево.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 91-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 13,00 часот).